РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА

ЛОКАЛНА СТАНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД – ПРЕТОВАРНА СТАНИЦА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО

КО ПЧИЊА ВОНГРАД

ОПШТИНА КУМАНОВО

ТЕХ.БР. F0222

ФЕВРУАРИ 2023

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ПФАТ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА

ЛОКАЛНА СТАНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД – ПРЕТОВАРНА СТАНИЦА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО

КО ПЧИЊА ВОНГРАД
ОПШТИНА КУМАНОВО

НАРАЧАТЕЛ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ДОНЕСУВАЧ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

ИЗРАБОТУВАЧ: **АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

ДИРЕКТОР: **м-р. Андријана Андреева, дипл.инж.арх.**

Andrijana Andreeva

Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2023.02.09 11:19:19 +01'00'

ИЗРАБОТУВАЧ: **ГОПЛАН ДОО - ГОСТИВАР**

УПРАВИТЕЛ: **Насуф Саити, дип.град.инж.**

NASUF SAITI

Digitally signed by NASUF SAITI
DN: c=MK, ou=VAT - 4007002122919, ou=DOO, 2.5.4.97=NTRMK-5651344, o=GOPLAN DOO Gostivar, serialNumber=155953, title=OVL LICE, sn=SAITI, givenName=NASUF, cn=NASUF SAITI
Date: 2023.02.09 09:29:06 +01'00'

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: **F0222**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА
ЛОКАЛНА СТАНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД – ПРЕТОВАРНА СТАНИЦА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО
КО ПЧИЊА ВОНГРАД
ОПШТИНА КУМАНОВО

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ: м-р **Јулијана Ставревски**, дипл.инж.арх.
број на овластување О.0382

Julijana Stavrevski
Digitally signed by Julijana Stavrevski
Date: 2023.02.09 11:04:38 +01'00'

КООРДИНАТОР НА УП **Иван Арсовски**, дипл.инж.арх.
број на овластување О.0395

Ivan Arsovski
Digitally signed by Ivan Arsovski
Date: 2023.02.09 10:41:36 +01'00'

РАКОВОДИТЕЛ НА УП ***Јасер Чајали, дипл.инж.арх.***
број на овластување О.0459

JASER CHAJALI
Digitally signed by JASER CHAJALI
DN: c=MK, serialNumber=173865, sn=CHAJALI, givenName=JASER, cn=JASER CHAJALI
Date: 2023.02.09 09:25:48 +01'00'

ПЛАНЕРИ: ***Јасер Чајали, дипл.инж.арх.***
број на овластување О.0459

Вера Попоска, дипл.инж.арх.
број на овластување О.0037

VERA POPOSKA
Digitally signed by VERA POPOSKA
DN: c=MK, serialNumber=155955, sn=POPOSKA, givenName=VERA, cn=VERA POPOSKA
Date: 2023.02.09 09:25:59 +01'00'

Насуф Саити, дипл.град.инж.
овластување Б.2.0251

NASUF SAITI
Digitally signed by NASUF SAITI
DN: c=MK, ou=VAT - 4007002122919, ou=DOO, 2.5.4.97=NTRMK-5651344, o=GOPLAN DOO Gostivar, serialNumber=155953, title=OVL LICE, sn=SAITI, givenName=NASUF, cn=NASUF SAITI
Date: 2023.02.09 09:29:19 +01'00'

соработници:
Умније Азири, дипл. инж.арх

Едона Сулејмани, дипл. инж. арх.

С О Д Р Ж И Н А

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ПФАТ НА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА

ЛОКАЛНА СТАНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД – ПРЕТОВАРНА СТАНИЦА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО

КО ПЧИЊА ВОНГРАД

ОПШТИНА КУМАНОВО

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

I.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ
2. ИСТОРИЈА НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА (ВО РАДИУС ОД 100м)
3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТА ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ
4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
8. ДРУГИ ПОДАТОЦИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

II. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

III. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.----------M=1:250000

2. ПОШИРОКО ПРОСТОРНО ОПКРУЖУВАЊЕ И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ--------- M=1:25000

3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, СО СНИМКА НА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ---------- M=1:1000

4. КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНТ, ОДНОСНО ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛАНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ---------- M=1:1000

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ПФАТ НА
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА
ЛОКАЛНА СТАНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД – ПРЕТОВАРНА СТАНИЦА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО
КО ПЧИЊА ВОНГРАД
ОПШТИНА КУМАНОВО

I.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на **локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово**, КО Пчиња вонград, Општина Куманово, е дел од Проектот за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во источниот и северо-источниот регион на Р.С.Македонија. Урбанистичкиот проект ја следи стратегијата за управување со цврст отпад и предвидува воспоставување на мрежа од 5-7 регионални депонии. Предвиден е систем од една централна постројка за управување со отпад (ЦПУО) и шест локални постројки за управување со отпад (ЛПУО) во шест други општини.

Со овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се разработува: **Локалната станица за управување со отпад – претоварна станица,** лоцирана во Општина Куманово, поточно на дел од КП 66/1, дел од КП 66/2 и на дел од КП 4400/1 на КО Пчиња вонград, општина Куманово.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на **локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово,** КО Пчиња вонград, Општина Куманово, се работи согласно член 58, став 6, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20), според кој урбанистичкиот проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење, вон населено место и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овај закон.

Со оваа проектна документација се уредува земјиште на катастарска општина Пчиња вонград - Општина Куманово, на кое се формира проектен опфат за изградба на локална станица за управување со отпад - претоварна станица, со површина од 3.190ха. Согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22), проектниот опфат е класифициран со намена:

Групи на класи на намена:
- **Е (**Инфраструктури)
- **Д** (Зеленило, рекреација и меморијални простори)

- **Класи на намена:**
- **Е1** (Сообраќајни, линиски и други инфраструктури)
- **Е3** (Специјални некласификувани инфраструктури)
- **Д2** (Заштитно и сообраќајно зеленило)

- **Поединечна намена**
- **Е1.1** (Сообраќајни патни инфраструктури)

- **Е3.1** (Депонии и преработка на неопасен отпад: регионални и локални депонии за одлагање на неопасен отпад, постројки за термички, физичко-хемиски третман на неопасен отпад, неопасни јаловишта и пепелишта).
- **Д2.1** (Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило, заштитно сообраќајно зеленило на крстосници и јазли);

Планираната поединечна намена ќе се дополни со комплементарни намени согласно член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22).

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** е со површина од 3.190ха. и претставува урбанистички неуредено земјиште, со катастарска култура пасишта и ниви со ниска класа на КО Пчиња вонград.

Проектниот опфат е определен со: **Геодетски елаборат за геодетски работи** за посебни намени - ажурирана геодетска подлога КО Пчиња вонград, со деловоден бр. 08-557/3-2021 од 15.10.2021год. изработен од ДПТУ АЛФА-ГЕОДЕТ ДООЕЛ Скопје, заверен со Известување за електронска заверка на геодетски елаборат бр.1110-166/2021 од 15.10.2021год.

Површината на проектниот опфат е 31903.3129м^2 и периметар 710.4485м`, е определена со 13 (тринаесет) детални точки определени со следните координати по X и Y оски:

(површина 31903.3129м2; perimeter 710.4485м`)

1. X=7561547.2236 Y=4659009.6295-нај северна точка
2. X=7561462.5830 Y=4658956.0904
3. X=7561428.5226 Y=4658935.1312
4. X=7561417.2332 Y=4658928.1842-нај западна точка
5. X=7561443.5955 Y=4658881.1604
6. X=7561452.4681 Y=4658863.2323
7. X=7561464.3935 Y=4658837.8659
8. X=7561470.3376 Y=4658824.8242
9. X=7561484.6121 Y=4658787.7330
10. X=7561491.1240 Y=4658762.5892-нај јужна точка
11. X=7561555.8668 Y=4658775.0556
12. X=7561649.4751 Y=4658853.8620-нај источна точка
13. X=7561546.8667 Y=4659009.4057

2. ИСТОРИЈА НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА (ВО РАДИУС ОД 100м)

За предметниот проектен опфат, кој е дел од атарот - катастарска општина Пчиња вонград, нема изработено некакво урбанистичко-планска документација. Од Општина Куманово, Сектор за урбанизам добиен е предмет-Одговор на барање податоцио и информации со бр. 21-6200/2 од 28.07.2022год. со известување дека на дадениот опфат нема легализирани објекти по основ на правен статус на бесправно изградени објекти.

Услови кои треба да се почитуваат при изработка на: **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** се одредбите кои се дадени во Условите за планирање на просторот, а претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија (2002-2020). Условите за планирање на просторот се основен услов за уредување на просторот. Тие содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво.

Условите за планирање на просторот со тех.бр Y18422 од април 2022год, се изработени од Агенцијата за планирање на просторот, врз основа на кои има издадено Решение за Услови за планирање на просторот, со бр.УП1-15 777/2022 од 04.05.2022год. од Секторот за просторно планирање на Министерството за животна средина и просторно планирање. При изработка на Урбанистичкиот проект во целост ќе се почитуваат Условите за планирање на просторот. Други планови од пониско ниво од Просторниот план на РМ, не се изработени.

Во предметните Условите за планирање на просторот е нагласено дека низ планскиот опфат поминува линиска инфраструктура за која што има издадено: Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за коридор-8 делница: К.Паланка- Куманово; Гостивар - Кичево-Подмоље -Струга-Ќафа Сан и Подмоље - Охрид со тех. бр. Y08808. Но при изработка на предметниот - **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** е констатирано дека проектниот опфат не навлага во граница проектниот опфат на коридорот -8.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТА ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ

3.1.Географски податоци

Проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** е не уредено земјиште надвор од населено место со површина од 3.190ха. Проектниот опфат е земјиште со катастарска класа нива и пасишта, се протега покрај локален пат што го поврзува село Пчиња со Куманово.

Селото Пчиња е населено место што се наоѓа на околу 7.0км. југоисточно од град Куманово. По Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002г. селото Пчиња има 793 жители.

Проектниот опфат се наоѓа северно од населеното место - село Пчиња на околу 4.0км.

3.2.Рељефни податоци

Предметниот проектен опфат се протега на терен во пад. Највисоката точка се наоѓа на 436.50 м.н.в, а најниската се наоѓа на 400.0 м.н.в. Падот на теренот е во правец север-југ.

3.3.Сеизмички податоци

Територијата каде се наоѓа предметниот проектен опфат, пошироко гледано се протега во подрачје подложено на земјотреси со максимално очекувана сеизмичка јачина od V|||^{O} по МКС.
Овие услови налагаат потреба од строго почитување на услови за асеизмичка градба на објектите и инфраструктурата

3.4.Природни и климатски податоци

Природните карактеристики на едно подрачје претставува збир на вредности и обележја создаденин од природат, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и др.

Климата во ова подрачје е **умерено континентална**, со модифицирани летни температури условени од северните континентални влијанија и со распоред на поголеми врнежи преку зимскиот период, како резултат од медитеранскиот плувиометриски режим.

Просечна годишна температура на воздухот е 11.7^{O}C. Годишна амплитуда на температурата изнесува 22.2^{O}C. Максималната просечна годишна температура е 17.6^{O}C, а минималната е 6.1^{O}C. Разликата помеѓу апсолутно максималната (39.5^{O}C) и апсолутно минималната (-23.1^{O}C) изнесува 62.6^{O}C. Во овај простор има интезивна инсолација со времетраење од 2204 часа сончев сјај годишно или 6.3 часа дневно. Бројот на ведри денови е 102 дена, облачни има 161 ден и тмурни 101 ден.

Релативната влажност на воздухот просечно годишно изнесува 72%. Најголема влажност има во декември и јануари од 85%, февруари 83%, а најнмала влажност во во јули август по 60%. Поројни дождови се појавуваат просечно 6.7 дена во годината. Според врнежите подрачјето е со релативно мали временски нееднакво распределени врнежи.

Според воздушните струења овај простор припаѓа во релативно ветровити подрачја, бидејќи просечно годишниот број на тишините изнесува 306‰. Доминантен е северниот ветер кој дува преку цела година со просечна честина од 331‰ и просечна брзина од 3.20м/сек.

3.5.Хидрографски податоци

Просторот на кој се предвидува изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КО Пчиња, општина Куманово припаѓа на водостопанското подрачје ,,Пчиња“, кое го зафаќа сливот на реката Пчиња од границата меѓу РСМакедонија и РСрбија до вливот во река Вардар. Основна цел во управувањето со водите е запазување на квалитетот на водите. Во функционирањето на локалната станица за управување со отпад - претоварна станица има опасност од појава на опасни и токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. За да се избегне емисијата на опасни супстанци, кои во текот на функционирањето на претоварната станица би можеле да влезат директно или индиректно во површинските или подземните води, мора да се превземат сите пропишани заштитно технички мерки. Потребно е изградба на дренажен систем за прифаќање на отпадните води (исцедок), нивно третирање во пречистителна станица, после што ќе следи испуштање во најблизок реципиент.

Од **АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост - Скопје, Подружница Кумановско Липковско Поле - Куманово**, добиен е Одговор со бр. 0302-302/1 од 24.06.2022год. со кој не известуваат дека во предметниот плански опфат нема нивни инфраструктурни објекти.

3.6.Природни ресурси, богатства, заштитени екосистеми, појави и др.

Согласно Студијата за заштита на природното наследств, изработена за потребите на Просторниот план на РМакедонија и според добиениот изводот од Просторниот план, предметниот проектен опфат не е во заштитено подрачје.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

4.1.Културно историски податоци

Според Законот за заштита на културното наследство (СЛ.Вес. на РМ бр.20/2004, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), за плановите од повисоко ниво: Просторниот план на РМ, Републичкиот завод за заштита на спомениците за култура, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижно културно наследство, во кој е даден инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење. Според Експертскиот елаборат, на подрачјето на Катастарската општина Пчиња, евидентирани се повеќе споменици на културата, но се многу подалеку од предметниот проектен опфат.

Во Археолошката карта на РМ евидентирани се повеќе археолошки локалитети на КО Пчиња. На проектниот опфат на предметниот**: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово**, нема евидентирано археолошки наоди, што е потврдено од Министерството за заштита на културното наследство.

Од **Министерство за култура , Управа за заштита на културното наследство на РСМ,** доставени се податоци и информации, со бр.08-1649/2 од 29.06.2022год. каде е констстирано дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

4.2.Демографски податоци

Уредувањето на просторот на проектниот опфат на предметниот - **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** е надвор од населено место. Проектниот опфат е на катастарската општина Пчиња вонград, на одалеченост од околу 4.0км од селото Пчиња. Предметниот проектен опфат со градбите кои ќе се изградат во него, ќе опслужува население од пошироката околина. Ќе се собира комунален неопасен отпад од соседните села: Биљановце, Романовце, Доброшане, Орашац, како и пошироко во регионот и општина Куманово. Со проектното решение се предвидува локална претоварна станица, која отпадот ќе го собира и носи во централна депонија. Централната депонија и предложениот систем за одлагање на отпад е предвидено да опслужува население од околу 370 000 жители, со генерирано количество отпад од 112 094 тони годишно и ќе го собира отпадот од 6 регионални депонии.

4.3.Економски - стопански податоци

Реализацијата за изградба на локална станица за управување на отпад - претоварна станица, КО Пчиња Вонград, Општина Куманово, отвара можности за понуда на квалитетни услуги во функција на задоволување на хуманите и еколошките барања, преку складирање на отпадот на одредена локација вон населено место. Реализацијата на изградбата на локалната станица за управување на отпад-претоварна станица, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Ќе се добие поголем економски ефект, манифестиран преку привлекување на нова работна сила и вработување, сето тоа базирано на принципите на одржлив развој, максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

4.4.Сообраќајни податоци

Педметниот проектен опфат се протега покрај локален-општински пат кој го поврзува селото Пчиња со градот Куманово. Најблизок јавен пат е регионалниот пат -Р2136 -Р`жаничино (врска со Р1102)-Средно Коњаре - Горно Коњаре- Винце - Пчиња - Орашец (врска со Р1204), категоризиран според Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл.Вес. на РМ бр. 133/11, 20/12, 41/12, 107/13, 17/14, 190/14, 168/18).
Од Јавното претпријатие за државни патишта на РС Македонија добиен е допис со бр. 10-6093/2 од 23.06.2022год. со кој е констатирано дека проектниот опфат не граничи со државен пат во надлежност на ЈПДП.

4.5.Законодавно-административни податоци

Предметниот проектен опфат е дел од атарот на село Пчиња, односно дел од КО Пчиња вонград. Село Пчиња административно припаѓа на општина Куманово и сите законодавно-административни услуги што се потребни при донесување и реализација на оваа проектна документација ќе се бараат од ЕЛС на Општина Куманово.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** е урбанистички неуредено земјиште со површина од 3.190ха. Проектниот опфат зафаќа дел од катастарските парцели: КП бр.66/1, КП бр.66/2 и дел од КП бр.4400/1, на место викано Краста, КО Пчиња вонград, Општина Куманово. Според имотен лист ова земјиште е со ниска класа (пасишта и нива), во сопственост на РМ. Поради предходно наведеното е определено ова земјиште за изградба на претоварна станица за отпад со: Физибилити студија за изведба на интегриран и самоодржлив систем за менаџирање со отпад во источниот и северо-источниот регион (тех.бр. 12-9539/1) и Студија за оцена на влијание врз животната средина (тех.бр. 12-9539/1), изработени од Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во граница на проектниот опфат нема изградено физичка супраструктура. Дел од проектниот опфат е локален пат како сообраќајна инфраструктура, односно границата на запад од опфатот е осовината на локален-општински пат с.Пчиња-Куманово. Од комуналната инфраструктура

има линија на среднонапонски вод-10(20) kV-надземна мрежа, во западниот дел од опфатот, паралелно со локалниот пат, податоци добиени од ЕВН-Електродистрибуција ДООЕЛ - Скопје, со допис бр. 10-26/2-324 од 17.06.2022год.

Од **Македонски Телоком АД Скопје – добиено е** Известување за постојни тк инсталации, бр. 43816 од 16.06.2022год. и графички прилог со кои сме известени дека во граници на планскиот опфат има постојна МТК инфраструктура, паралелно со локалниот пат има линија на оптички кабел. Овај оптички кабел е потврден и од **Агенцијата за електронски комуникации –АЕК** со Одговор за барање за податоци за ТК инсталации со бр. 1404-1914/2 од 21.06.2022год.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

Проектниот опфат бидејќи претставува дел од урбанистички неуредено земјиште, надвор од населено место, со катастарска класа пасиште и нива, градби со режим на заштита на културно наследство нема. Наведените споменици на културата (Експертски елаборат), дадени во Условите за планирање, се надвор, многу подалеку од предметниот проктен опфат.

Од **Министерство за култура , Управа за заштита на културното наследство на РСМ,** доставени се податоци и информации, со бр.08-1649/2 од 29.06.2022год. каде е констстирано дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

За случајни откритија постојат обврски на наоѓачот, согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Вес. на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19).

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Зо проектниот опфат на: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/2020), побарани и добиени се податоци, информации и мислења од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности, преку електронскиот систем е-урбанизам.

- Од **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Оддел Мрежен Инжинеринг-** добиен е Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура со бр. 10-26/2-324 од 17.06.2022год. со кој сме информирани дека во граница на проектниот опфат има постојни инсталации сопственост на **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје:**

  --10(20)kV - надземна мрежа;

- Од **Македонски Телоком АД Скопје –** Известување за постојни тк инсталации, бр. 43816 од 16.06.2022год. со кое сме известени дека во граници на планскиот опфат има постојна МТК инфраструктура, дадена во графички прилог.

- Од **Агенцијата за електронски комуникации –АЕК** – Одговор за барање за податоци за ТК инсталации со бр. 1404-1914/2 од 21.06.2022год. со податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

- Од **АД МЕПСО** добиен е Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти со бр. 11-3614/1 27.06.2022 год. со кои не известуваат дека предметниот плански опфат НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

- Од **Јавното претпријатие за државни патишта на РСМ,** добиен е Предмет: Податоци и информации со бр.10-6093/2 од 23.06.2022год. каде е констатирано дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат, кој е во надлежност на Јавнотото претпријатие за државни патишта.

- Од **ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ** - **Подрачно одделение Куманово,** добиени се податоци и информации со арх. бр. 0902-900/5 од 13.06.2022год., каде се дадени мерки кои треба да се почитуваат.

- Од **АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост - Скопје, Подружница Кумановско Липковско Поле - Куманово**, добиен е Одговор со бр. 0302-302/1 од 24.06.2022год. со кој не известуваат дека во предметниот плански опфат нема нивни инфраструктурни објекти.

- Од **Јавното претпријатие за железничка инфраструктура - Железници на РСМ - Скопје**, добиен е одговор со бр. 2001-2728/2 од 17.06.2022год. со констатација дека на проектниот опфат на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура Скопје.

- Од **Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство на РСМ,** доставени се податоци и информации, со бр.08-1649/2 од 29.06.2022год. каде е констстирано дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

- Од **Општина Куманово - Предмет**: Одговор на барање на податоци и информации, со бр.21-6199/2 од 26.07.2022год.

- Од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, Предмет: одговор стх. бр. 40-11184/2 од 12.11.2022год.

Побарани се податоци, **но не се добиен**и во законски рок и од следните правни субјекти:

- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, Биро за јавна безбедност,** Сектор за сообраќајни работи
- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ -** Одделение за одржлив развој
- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ,** Сектор за природа

- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, Управа за животна средина ,** Сектор за води
- **Министерство за одбрана** -Срктор логистика и недвижности , Одделение за недвижности Скопје
- **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, Сектор за шуми
- **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, Управа за водостопанство
- **ЛП чистота и зеленило Куманово**
- **АД ГА-МА - Скопје**
- **Јавно претпријатие - Национални шуми**

8. ДРУГИ ПОДАТОЦИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово, се работи согласно член 58, став 6, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20), според кој урбанистичкиот проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење, вон населено место и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, **а врз прибавени услови за планирање на просторот**.

За **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** изработени се Услови за планирање на просторот, од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y18422, за кои има издадено РЕШЕНИЕ за Услови за планирање на просторот, со арх.бр. УП1-15 777/2022 од 04.05.2022год. од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор за просторно планирање.

Условите за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад - претоварна станица на КО Пчиња вонград, Општина Куманово, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од план. Условите за планирање на просторот претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на локална станица за управување со отпад -претоварна станица на дел од КП 66/1. дел од КП 66/2 и на дел од КП 4400/1 во КО Пчиња, Општина Куманово. Површината на планскиот опфат изнесува 3.190ха. Низ планскиот опфат поминува линиска инфраструктура за која што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за коридор-8 делница К.Паланка-Куманово; Гостивар - Кичево-Подмоље - Струга Ќафа Сан и Подмоље - Охрид со тех. бр. Y08808.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор, треба да се имаат во предвит следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- *Реализација за изградба на локалната станица за управување со отпад-претоварна станица, КО Пчиња, Општина Куманово, ќе биде во функција на подобрување на комуналните услуги меѓудругото и за развој на производните и услужните дејности во локалната економијаи согласно одредбите на Просторниот план на Република Македонија треба да биде поставена врз принципите и стандардите за зштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.*

Заштита на земјоделско земјиште

- *Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот во Републиката е поделен во 6 земјоделски стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа во Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.*
- *При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користење и уредување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стрикното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитена класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.*

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- *Основна цел во управувањето со водите е запазување на квалитетот на водите. Во функционирањето на локалната станица за управување со отпад-претоварна станица, има опасност за појавување на опасни и токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. За да се избегне емисија на опасни супстанци кои би можеле да влезат директно или индиректно во површинските или подземните води, мора да се превземат сите пропишани заштитно технички мерки со кои ќе се спречат негативните последици по животната средина. За зачувување на квалитетот на површинските и подземните води, потребно е да се изгради дренажен систем за прифаќање на отпадните води (исцедок), нивно третитање во пречистителна станица и по доведување на квалитетот на пречистената вода во согласност со позитивната законска регулатива, да се испуштаат во најблискиот реципиент.*

Енергетика и енергетска инфраструктура

- *Локацијата за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.*
- *За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.*

Урбанизација и мрежа на населби

- *Реализацијата за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и зголемено ниво на функционална и комунална опременост на населените места во непосредна околина и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.*

Домување

- ***Иницијативата за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово**, отвора можност за понуда на квалитетни услуги во функција на задоволување на хуманите и еколошките барања преку складирање на отпадот на одредена локација вон населено место. Количината на транспортираниот отпад се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.*

Јавни функции

- *Предложената локација **за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово** е во функција на развојот на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, такашто нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.*

Индустрија

- *Во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.*
- *Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварат со градба на мали флексибилни капацитети.*
- *Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание на квалитетот*

на животната средина. Во услови на усвоена развојна парадигма на ,,одржлив“ развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриските гранки засновани на принципите на еколошка заштита и одржлив развој.

- *Една од основните цели на концептот на развојот и просторната разместеност на индустријата утврдена со Просторниот план на РМ е примена на стратегијата на развојот на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручна работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.*

Сообраќајна инфраструктура

- *Според Просторниот план на РМ автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:*
- *А1 - Граница со Србија - ГП Табановце - Куманово - Велес - Неготино - Демир Капија - Гевгелија - граница со Грција - ГП Богородица и делница Градско - Прилеп - врска со А3.*
- *Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според просторниот план на РМ, влегува во групата на регионални патишта ,,Р2“ и е со ознака:*
- *Р2136 - (Р`жаничино - врска со Р1102-Средно Коњаре-Горно Коњаре - Винце - Пчиња - Орашац- врска со Р1204).*
- *При планирање да се почитува Законот за јавни патишта (Сл.Вес. на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16).*

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- *Локацијата за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.*
- *Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредено општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.*

Заштита на животната средина

- *Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законска регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.*

- *Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.*
- *Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.*
- *Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.*
- *Да се внимава да недојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.*
- *Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивното покривање со вегетација.*
- *Уредување на планскиот опфат со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.*
- *Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегната негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.*
- *Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.*
- *Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.*

Заштита на природното наследство

- *Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на РМ на просторот кој е предмет на разработка на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово, нема регистрирани ниту евидентирано природно наследство.*
- *Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизација на ивај простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно законот за заштита на природата.*

Заштита на културното наследство

- *Согласно податоците од Експертскиот елаборат за заштита на културното наследство и археолошката карта на РМакедонија[1], на подрачјето на катастарската општина Пчиња има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.*
- *При изработка на планската документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветни плански мерки за заштита на истото.*

- *Доколу при изведување на земјените работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на матерјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност на постоечката законска регулатива (Законот за заштита на културното наследство Сл.Вес. на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни работи и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.*

Развој на туризмот

- *Предметната локација за која се наменети Условите за планирање, припаѓа на Скопско-Кумановски туристички регион, со утврдени 8 туристички зони и 17 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува Транзитен туристички коридор.*
- *Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските делности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски равој.*

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- *Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност на Законот за заштита и спасување задолжително треба да се применуваат мерки за заштита и спаување.*
- *Задолжително примена на мерки за заштита од пожар.*
- *Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина од осум степен по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.*

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- *При донесување на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена на просторот за документацијата за изградба на локална станица за управување со отпад-претоварна станица во КП Пчиња, Општина Куманово, задолжително да се земат во предвит насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.*

II. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Вес.на РСМ бр.32.20) за **Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална станица за управување со отпад – претоварна станица во општина Куманово, КО Пчиња вонград, Општина Куманово,** побарани се податоци и информации од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности, преку постапки бр.43816, 43846, 45920 (пим-опомена), во електронскиот систем е-урбанизам.

❖ **Преку постапка бр.43816 добиени се:**

1.Во законски рок **добиени** се податоци и информации од следните институции:

- **Општина Куманово** - Сектор за урбанизам, Предмет: Одговор на барање податоци и информации, бр.21-6200/2 од 28.07.2022год.
- **Од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Оддел Мрежен Инжинеринг-** добиен е Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура со бр. 10-26/2-324 од 17.06.2022год.
- **Од Македонски Телоком АД Скопје –** Известување за постојни тк инсталации, бр. 43816 од 16.06.2022год.
- Од **Агенцијата за електронски комуникации –АЕК** – Одговор за барање за податоци за ТК инсталации со бр. 1404-1914/2 од 21.06.2022год.
- Од **АД МЕПСО** добиен е Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти со бр. 11-3614/1 27.06.2022 год.
- Од **Јавното претпријатие за државни патишта на РСМ,** добиен е Предмет: Податоци и информации со бр.10-6093/2 од 23.06.2022год.
- Од **ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ** - **Подрачно одделение Куманово,** добиени се податоци и информации со арх. бр. 0902-900/5 од 13.06.2022год.,
- Од **АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост - Скопје, Подружница Кумановско Липковско Поле - Куманово**, добиен е Одговор со бр. 0302-302/1 од 24.06.2022год.
- Од **Јавното претпријатие за железничка инфраструктура - Железници на РСМ - Скопје**, добиен е одговор со бр. 2001-2728/2 од 17.06.2022год.
- Од **Министерство за култура , Управа за заштита на културното наследство на РСМ,** доставени се податоци и информации, со бр.08-1649/2 од 29.06.2022год.

2.Во законски рок **не се добиен**и податоци од следните правни субјекти:

- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, Биро за јавна безбедност,** Сектор за сообраќајни работи
- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ -** Одделение за одржлив развој
- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ,** Сектор за природа
- **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, Управа за животна средина ,** Сектор за води
- **Министерство за одбрана** -Срктор логистика и недвижности , Одделение за недвижности Скопје
- **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, Сектор за шуми
- **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, Управа за водостопанство
- **ЛП чистота и зеленило Куманово**
- **АД ГА-МА - Скопје**
- **Јавно претпријатие - Национални шуми**


Е-Урбанизам
Е-Урбанизам
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/43816
Е • УРБАНИЗАМ
Постапки
Корисници
Помош
е-Урбанистички
ПЛАНОВИ
go-plan@hotmail.com
Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. ГО ПЛАН ДОО
Гостивар
Документи за барањето
Име на документот
Тип на документ
Креирано од
Креирано на
Опис
Дигитален Потпис
43816 | Податоци и информации | nikola.petrushevik@kumanovo.gov.mk | 01.08.2022 13:26:48 | | Да
1404-1914-2 | Податоци и информации | biljana.ilioska@aec.mk | 01.07.2022 09:40:19 | Податоци АЕК | Да
170.1404-1914.АЕК-PP_UPr_LPUO Kumanovo_Azurirana_F0222 | Податоци и информации | biljana.ilioska@aec.mk | 01.07.2022 09:40:38 | Податоци АЕК | Да
АД МЕПСО | Податоци и информации | angela.georgievska@mepso.com.mk | 27.06.2022 14:24:28 | податоци АД МЕПСО | Не
Scan Jun 23 - 2022 (5) | Податоци и информации | dragicag@roads.org.mk | 23.06.2022 14:47:01 | Одговор од ЈП ДП | Да
ED_Mrezha | Податоци и информации | Gjorgji.Polincev@evn.mk | 17.06.2022 13:16:53 | ED | Да
ED_Mrezha_DWG | Податоци и информации | Gjorgji.Polincev@evn.mk | 17.06.2022 13:16:56 | ED | Да
ED_Odgovor_potvrda | Податоци и информации | Gjorgji.Polincev@evn.mk | 17.06.2022 13:16:59 | ED | Да
Odgovor-Telekom | Податоци и информации | Nikolce.Tasevski@telekom.mk | 17.06.2022 07:51:22 | Допис Македонски Телеком АД Скопје | Да
PP_UPr_LPUO Kumanovo_Azurirana_F0222-TelekomPostojni | Податоци и информации | Nikolce.Tasevski@telekom.mk | 17.06.2022 07:51:08 | Податоци Македонски Телеком АД Скопје | Да
Прикажани 1 - 10 од 14 ставки
← Претходни 1 2 Следни →
Акции
Нема дозволени акции
Процесни дијаграми
Графички тек на процесот
ПИМ.pdf
3:31 PM
2/2/2023


Е-Урбанизам
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/43816
е-Урбанистички
go-plan@hotmail.com
Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. ГО ПЛАН ДОО
Гостивар
Е-УРБАНИЗАМ
Постапки
Корисници
Помош
Иницијатор
Агенција за планирање на просторот Скопје
Надлежен орган
/
ДОКУМЕНТИ
ДИСКУСИЈА
Пребарај
Документи за барањето
Име на документот
Тип на документ
Креирано од
Креирано на
Опис
Дигитален Потпис
ДЗС постапка 43816
Податоци и информации
kumanovo@dzs.gov.mk
14.06.2022 11:48:33
Да
PP_UPr_LPUO Kumanovo_Poshirko_F0222
Друг тип на документ
iarsovski@app.gov.mk
13.06.2022 12:49:01
Да
PP_UPr_LPUO Kumanovo_Azurirana_F0222
Ажурирани геодетски подлоги
iarsovski@app.gov.mk
13.06.2022 12:48:53
Да
900-5-PIM_UPr_LPUO KUMANOVO_F0222
Друг тип на документ
iarsovski@app.gov.mk
13.06.2022 12:48:40
Да
Прикажани 11 - 14 од 14 ставки
Претходни
1
2
Следни
Акции
Нема дозволени акции
Процесни дијаграми
Графички тек на процесот
- ПИМ.pdf
3:33 PM
2/2/2023

❖ **Преку постапка бр.43846 добиени се:**

- Од **Општина Куманово -Предмет**: Одговор на барање на податоци и информации , со бр.21-6199/2 од 26.07.2022год.



❖ **Преку постапка ПИМ бр.45920 (опомена), добиени се податоци од:**

- **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост , Предмет: одговор стх. бр. 40-11184/2 од 12.11.2022год.